Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

18 Јануари, 2024

Архивски број : 67- 494/1

Предмет: Известување за јавен увид на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани за градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 2.5MW на КП133 и КП134 КО Горно Оризари, Општина Битола.**

Почитувани,

Во врска со член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), Министерството за транспорт и врски го става на увид на јавноста **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани за градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 2.5MW на КП133 и КП134 КО Горно Оризари, Општина Битола**. Јавниот увид ќе трае 15 дена односно од 18.01.2024 до 01.02.2024 година.

Во наведениот рок јавноста има можност да достави свои забелешки во однос на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на адресата на министерството за транспорт и врски „Плоштад Црвена Скопска општина" бр.4, 1000, Скопје како и на е-адресата:

- aleksandar.karangelov@mtc.gov.mk
- vesna.markovska@mtc.gov.mk

Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од членот 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна на министерството.

Со почит,
Александар Карангелов , диа
Помошник Раководител на Сектор за уредување на просторот:

Изработил: Њомза Идризи – Нагавци , миа


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk